ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје
IP Qendra ndërkomunale për punë sociale e Qytetit të Shkupit
Скопје-Shkup
Бр./Nr. 03-1810/1
05-09-2023 20

Врз основа на член 193 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19, бр.146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, бр.163/21, бр.294/21, бр.99/22, бр.236/22, бр.65/23) и член 32, член 33, член 34, член 35, член 36 и член 37 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр.01-1289/4 од 19.06.2019 година, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за формирање на**
**СОВЕТ НА КОРИСНИЦИ**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје врз основа на член 34 став 1 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје објавува јавен повик за формирање на Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 34 став 2 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје според кој за член на Совет на корисници може да биде избрано лице кое е:

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда
- лице на кое не му е одземено родителското право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- државјанство

Документите треба да бидат доставени во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.

Мандатот на членовите на Советот на корисници трае четири години.
На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по лично барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управен одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата.

Советот на корисници делува во рамките на соработката на установата со корисниците на права и услуги од надлежност на установата, заради разгледување на прашања кои се од заеднички интерес на установата и корисниците.
За избор на членови на Советот на корисници, Директорот на установата формира Комисија составена од 3 члена од редот на вработените стручни работници во установата.
Работата на Советот на корисници се регулира со Деловникот за работа на Советот на корисници.
Јавниот повик за основање на Совет на корисници се објавува на веб страната на установата и огласната табла во установата.
Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 30 (триесет) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик (не сметајќи го денот на самото објавување).

Директор/Drejtor
Izeir Memedi